**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 јули 2018 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Македонија: јуни 2018 година[1]

- Во јуни, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[2,3])** оствари месечен раст од 0,8%, во најголем дел како резултат на растот кај краткорочните депозити (придонес од 83,7% во месечната промена). Годишната стапка на раст на паричната маса изнесува 10,1%, при остварено зголемување кај сите компоненти. Гледано од аспект на придонесот на одделните компоненти, најголем дел од годишната промена произлегува од растот на депозитните пари[4], по што следуваат краткорочните депозити и долгорочните депозити до две години.

- **Вкупните депозити[5]** во јуни се зголемија за 0,8%, на месечна основа, главно заради зголемувањето на депозитите на корпоративниот сектор (учество во растот од 72,4%). Анализирано на годишна основа, во јуни продолжува нагорниот тренд на раст на депозитите, којшто достигна 9,9%. Овие остварувања се резултат на растот на депозитите на двата сектора, со поизразен придонес на депозитите на секторот „домаќинства“.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[6] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 3.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 3.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 5.2018 | 6.2018 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **348,470** | **351,004** | **354,261** | **372,931** | **374,681** | **382,987** | **386,470** | **6.2** | **4.2** | **7.5** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.2** | **10.1** | **1.7** | **0.9** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **314,850** | **316,183** | **319,137** | **336,989** | **337,684** | **345,285** | **348,090** | **6.0** | **3.6** | **6.8** | **5.4** | **4.6** | **7.3** | **10.3** | **10.1** | **1.8** | **0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 28,968 | 29,968 | 28,658 | 29,285 | 29,681 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 9.9 | 6.3 | 6.9 | 6.6 | 4.2 | 1.0 | 1.3 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **320,952** | **339,314** | **340,135** | **347,000** | **349,816** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.0** | **5.4** | **7.1** | **9.8** | **9.9** | **1.9** | **0.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 80,304 | 89,248 | 85,791 | 88,257 | 90,295 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 5.6 | 2.1 | 4.1 | 9.3 | 11.6 | 3.8 | 2.3 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 221,570 | 230,744 | 233,485 | 236,201 | 236,832 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.6 | 6.1 | 7.3 | 8.9 | 7.9 | 0.6 | 0.3 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **282,037** | **288,227** | **288,854** | **300,257** | **298,059** | **303,378** | **306,049** | **-0.1** | **-1.1** | **4.1** | **4.1** | **5.4** | **5.7** | **6.1** | **6.2** | **1.2** | **0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 148,730 | 150,998 | 148,668 | 157,722 | 152,187 | 154,144 | 155,427 | -5.3 | -7.2 | -0.4 | -0.9 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 2.9 | 1.1 | 0.8 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,951 | 141,232 | 144,491 | 147,829 | 149,254 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 9.2 | 9.4 | 9.6 | 9.7 | 1.3 | 1.0 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

---

[1] Податоците објавени во ова соопштение се изработени по нова методологија чија примена предизвика промена во монетарните податоци, коишто се предмет на анализа во ова соопштение. Подетални информации за промените се содржани во Информацијата за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматни стапки, на: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

[2] Почнувајќи од јуни 2018 година, НБРМ ќе го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[3] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[4] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[6] Годишните стапки на кредити во периодот јуни 2016 – мај 2017 беа под влијание на ефектите од мерката на НБРМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

– Во јуни **вкупните кредити** забележаа месечно зголемување од 0,9%, што се должи на зголеменото кредитирање на двата сектора коишто имаат речиси подеднакво учество во месечната промена. Споредено на годишна основа, кредитниот раст изнесува 6,2% и во поголем дел произлегува од зголеменото кредитирање на секторот „домаќинства“ (учество во растот од 74,2%).







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРМ.

– Вкупните **депозити на корпоративниот сектор** остварија месечен и годишен раст од 2,3% и 12,7%, соодветно. Нагорната месечна промена главно се должи на зголемувањето кај краткорочните депозити во странска валута (придонес кон растот од 77,0%), а годишниот раст произлегува од зголемените депозитни пари и краткорочни депозити во странска валута, при пад на краткорочните денарски депозити.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Во јуни, **кредитите на корпоративниот сектор** се зголемени за 0,8% на месечна основа, во услови на речиси подеднаков придонес кон растот на кредитирањето во денари и во странска валута[8]. На годишна основа е забележан раст на кредитната активност од 2,9%, што во услови на намалено кредитирање во странска валута, целосно е резултат на зголеменото денарско кредитирање.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРМ.

- Вкупните **депозити на домаќинствата** во јуни остварија месечен раст од 0,3% којшто се должи на депозитите во странска валута, при минимален пад на денарските депозити. Анализирано на годишна основа, растот изнесува 7,9%, со речиси подеднакво учество на депозитите во денари и депозитите во странска валута.

---

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странска валута.

[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

– Во јуни кај вкупните **кредити на домаќинствата** е забележан раст на месечна и годишна основа од 1,0% и 9,7%, соодветно. Од аспект на валутната структура, зголеменото кредитирање на домаќинствата во поголем дел е резултат на растот на кредитите одобрени во денари (68,6% и 62,4%, соодветно).







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 3.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 12.2017[1)] | 3.2018 | 5.2018 | 6.2018 | 5.2018 | 6.2018 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 71,068 | 72,595 | 74,218 | 76,109 | 77,100 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 11.9 | 10.9 | 10.7 | 11.0 | 11.1 | 1.3 | 1.3 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,788 | 39,535 | 40,899 | 41,793 | 42,309 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.1 | 14.2 | 15.4 | 15.0 | 14.9 | 1.1 | 1.2 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 308 | 316 | 318 | 313 | 307 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -5.2 | -2.2 | 2.9 | 2.0 | 0.2 | -0.7 | -2.0 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,341 | 12,281 | 12,157 | 12,193 | 12,192 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -1.0 | -0.8 | -1.1 | -0.7 | -0.8 | 0.2 | 0.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 5,896 | 6,300 | 6,703 | 6,672 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 3.7 | 1.8 | 0.4 | 4.2 | 4.8 | 5.6 | -0.5 |
| Други кредити | 4,584 | 4,558 | 4,628 | 4,575 | 4,564 | 4,534 | 4,566 | 4,593 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 0.5 | -0.4 | -0.5 | -1.0 | -0.8 | -0.1 | 0.6 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

- Во јуни, анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапената категорија – **потрошувачките и станбените кредити** е забележан месечен раст од 1,3% и 1,2%, соодветно, којшто на годишно ниво изнесува 11,1% и 14,9%, соодветно. **Автомобилските кредити** и **негативните салда на тековните сметки** забележаа месечен пад од 2,0% и 0,5%, соодветно, додека на годишна основа тие остварија раст од 0,2% и 4,8%, соодветно. Овој месец, кредитите одобрени на **кредитни картички** се непроменети на месечна основа, додека на годишна основа бележат намалување од 0,8%. Во јуни кај кредитите одобрени врз **други основи** е остварен месечен раст од 0,6%, при годишно намалување од 0,8%.

***

## Ревизии на податоци

Објавените податоци за монетарните движења се изработени по нова методологија, за што подетални објаснувања се расположливи во:

а) Соопштение: Усогласување на монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки со најновите меѓународни и европски стандарди, на: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-soopstenie-nbrm-dir-st-19072018.nspx и
б) Информацијата за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, на: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Заради обезбедување квалитетни и конзистентни статистички податоци е објавена и ревидирана серија податоци за периодот од јануари 2009 година до мај 2018 година, како и нови методолошки објаснувања. Податоците за јуни 2018 година ќе бидат објавени по методологијата што се применуваше до мај 2018 година (стара методологија) и по новата методологија.

## Придружни информации

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Монетарни движења во Република Македонија: 21 август 2018 година (референтен пресек заклучно со јули 2018).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).